Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 143 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21 и 124/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ 01/26)

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на ден _.05.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за констатирање престанок на мандат на претседател и членови на Комисијата за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес**

1.Со ова решение се констатира престанок на мандат на претседател и членови на Комисијата за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес:

-Антонио Трајковски, претседател на Комисијата и членови:
-Игор Стојанов, член на Советот на Општина Велес;
- Менсур Бачевац член на Советот на Општина Велес;
- Пепи Димков;
- Ангел Димов;
- Наташа Милошевска;
- Сашко Ѓорѓиевски;
- Бобан Нецинов;
- Јадранка Илијева и
- Тања Арсевска.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

На седницата одржана на ден 12.04.2022 година, Советот на Општина Велес донесе Решение за разрешување и именување претседател и членови на Комисијата за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес со арх.бр.25-1980/31 од 13.04.2022 година со кое се именуваат: Антонио Трајковски, претседател на Комисијата и членови: Игор Стојанов, член на Советот на Општина Велес, Менсур Бачевац, член на Советот на Општина Велес, Пепи Димков, Ангел Димов, Наташа Милошевска, Сашко Ѓорѓиевски, Бобан Нецинов, Родна Јанева и Тања Арсевска.

Во член 143 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/21 и 124/25) е регулирано следното: „Процената и утврдувањето на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи ја вршат комисии што ги формира: - советите на единиците на локалната самоуправа".

Согласно точка 6 од горенаведеното Решение: „Својата работа Комисијата ја врши со мандат од 4 (четири) години од денот на именувањето. Претседателот и членовите можат и пред истекот на мандатот да бидат разрешени по предлог на Градоначалникот или членови на Советот, доколку не ја извршуваат својата работа согласно законските одредби."

Врз основа на цитираниот член на Решението, Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 19.06.2024 година донесе Решение за разрешување член на Комисијата за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес со арх.бр.25-2629/7 од 19.06.2024 година со кое се разрешува Родна Јанева од член на Комисијата.

Аналогно на тоа, Советот на Општина Велес на истата седница донесе Решение за именување член на Комисијата за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес со арх.бр.25-2629/8 од 19.06.2024 година, со кое се именува Јадранка Илијева.

Мандатот на ново избраниот член на Комисијата за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес трае до истекот на мандатот на постојниот состав.

Врз основа на горенаведеното, престанува мандатот на членовите на Комисијата за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес и од таа причина се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.

Врз основа на член 143 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр. 36/04.......83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21), член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ( „Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 3/09, 18/10, 15/14,15/18, 06/19 и 08/21)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 19.06.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување член на Комисија за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес**

1.Советот на Општина Велес за член на Комисијата за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес го/ја именува:

- Јадранка Илијева.

2.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Број 25- 2629/8
19.06.2024 година
В е л е с

Доставено до:
- Градоначалник;
- Комисијата за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес и
- Списи и архива.

Врз основа на член 143 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр. 36/04.......83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21), член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ( „Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 3/09, 18/10, 15/14,15/18, 06/19 и 08/21)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 19.06.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување член на Комисија за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес**

1.Советот на Општина Велес ја разрешува Родна Јанева од член на Комисијата за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес.

2.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Број 25- 2629/7
19.06.2024 година
В е л е с

Доставено до:
- Градоначалник;
- Комисијата за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес и
- Списи и архива.

Врз основа на член 18 од Законот за јавно здравје („Службен весник на РМ" бр.22/10, 136/11, 144/14, 149/15 и 37/16) и член 45 од статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 14/15, 15/18, 06/19 и 08/21)

Советот на Општина Велес, на седница одржана на 12.04.2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за разрешување и именување член во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес**

1. Д-р Бојан Тодоровски се разрешува од член во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес.

2. За член во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес се именува:

- Д-р Весна Маркова

3. Решението влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1980/30
13.04.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Бр.106**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за именување на претседател и членови на Комисија за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес**

Се објавува Решението за именување на претседател и членови на Комисија за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.04.2022 година.

Број 08-2000/30
14.04.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 143 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ" бр. 36/04.......83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/21), член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" 12/06, 3/09, 18/10, 15/14,15/18 и 06/19), а во согласност со Уредбата за начинот на работа на Комисиите за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи („Сл. весник на РМ" бр. 98/05, 152/10, 90/165 и 194/19),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.04.2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за разрешување и именување претседател и членови на Комисија за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес**

1.Советот на Општина Велес разрешува и именува претседател и членови на Комисијата за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес и тоа:

од претседател се разрешува: Горан Ѓорѓиев

за претседател на Комисијата се именува: Антонио Трајковски

2. Од членови на Комисијата се разрешуваат:

-Миле Нацев и Анѓел Димов –членови на Советот и Тања Карова, Наташа Вчкова, Зоран Ивковиќ, Миле Ѓуриќ, Драган Стојанов, Антонио Трајковски и Душко Ќумбев.

За членови на Комисијата се именуваат:

- Игор Стојанов
- Менсур Бачевац членови на Советот на Општина Велес;
- Пепи Димков
- Ангел Димов
- Наташа Милошевска

- Сашко Ѓорѓиевски
- Бобан Нецинов
- Родна Јанева
- Тања Арсевска

3. Комисијата има овластувања согласно Уредбата за начинот на работа на Комисиите за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи донесена од Владата на РМ („Сл. весник на РМ“ бр. 98/05...194/19) да изврши проценка и утврдување на висината на штети настанати од природни непогоди и други несреќи настанати на подрачјето на Општина Велес.

Во зависност од видот и обемот на штетата, Комисијата може дополнително да ангажира стручни лица за проценка по претходно добиена согласност од Градоначалникот на Општина Велес.

4.Проценката и утврдувањето на висината на штетата ги опфаќа видот, обемот и висината на штетата изразена во натура и вредносни показатели, според подрачјето, дејноста, имотот, сопственоста, времето и причината за настанување на штетата.

5.При процена и утврдување на висината на штетата врз средствата и другите материјални добра, Комисијата е должна да ја применува Единствената методологија за процена на штетите од елементарни и други непогоди.

6.Својата работа Комисијата ја врши со мандат од 4(четири) година од денот на именувањето. Претседателот и членовите можат и пред истекот на мандатот да бидат разрешени по предлог на Градоначалникот или членови на Советот, доколку не ја извршуваат својата работа согласно законските одредби.

7.Комисијата за својата работа е должна да поднесе извештај до Советот на Општина Велес за секоја спроведена активност по основ на сторена несреќа или настан.

8.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1980/31
13.04.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р